Правила за пренамена и поврат на средства

Внимателно прочитајте ја нашата политика за пренамена и поврат на средства.

ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВАТА - ПРАВИЛА И ПРОПИСИ

• Пренамената на веќе уплатени средства на Камп Скаут Струга е дозволена за било која услуга која ја нуди кампот доколку има слободни места за бараниот период.

• Надоместок за пренамена на средствата не се наплаќа.

• Услугата за кој ги пренаменувате средствата мора да биде во истата календарска година како веќе платената услуга.

• Дозволена е пренамена на средства на друго лице, исклучиво со поднесување писмено известување преку електронска пошта од адресата од која е направена првичната резервација.

• Доколку пренамената е за услуга со пониска цена, разликата во цена ќе му биде вратена само доколку пренамената е извршена најкасно 5 дена пред почетокот на првично платената услуга.

• Доколку пренамената е за услуга со повисока цена, од учесникот се бара да ја плати разликата во цена во целост моментот на пренамена на средствата.

• Не е возможна пренамена на средствата за период или услуга која е распродадена.

• Пренамена на средства може да се изврши најдоцна до 5 дена пред денот на услугата.

ПОВРАТ НА СРЕДСТВА - ПРАВИЛА И ПРОПИСИ

Доколку треба да се откажете од користење на услугите, потребно е да доставите барање за поврат на средства преку електронска пошта исклучиво од адресата од која е извршено плаќањето пред крајниот рок:

• До 7 дена пред денот на започнување на услугата – целосен поврат на платениот износ

• Од 2 до 6 дена пред денот на започнување на услугата – поврат на средствата во износ од 50% од платениот износ

• 1 ден пред денот, и на денот на започнување на услугата – не е дозволен поврат на средствата

Средствата ќе бидат вратени на кредитната картичка сокоја е извршено плаќањето. Доколку кредитната картичка е истечена, враќањето на средствата може да се изврши директно на банкарска сметка на лицето кое е носител на уплатата.

Имајте предвид дека враќањето на средствата на кредитната картичка може да трае до 3-5 дена и до 1-2 недели за банкарски трансфер.

COVID-19 ПРАВИЛА И ПРОПИСИ

Камп СКАУТ Струга, внимателно ја следи состојбата со КОВИД-19 и национлните препораки за организирање на активности и кампирање. Во случај тековните промени на ограничувањата да влијаат на услугите за кои сте регистрирани, персоналот на кампот ќе контактира со сите носители на резервација на услуги, испраќајќи е-пошта, со различни опции за уплатените средства за учество. Заради состојбата COVID-19 важат следниве правила и прописи:

• Опција 1: Одложување на услугите за друг период во текот на истата калнедарска година

• Опција 2: Одложување на услугите за друг период во наредната калнедарска година

• Опција 3: Промена на вид на услуга доколку за тоа има услови

• Опција 4: Целосен поврат на средства.